20.07.2023год.
Т.Паскали Бојта

# Прашање, Инфомакс

From: iNFOMAX.mk (infomax@infomax.mk)

To: zimohrid@yahoo.com

Date: Wednesday, July 19, 2023, 04:46 PM GMT+2

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURËS DHE
Примено/E pranua 20.07.2023
03 882/1

Почитувани,

Би сакале да добиеме информација за парцелата број 15336/1, број на имотен лист 66799 во општина Охрид, катастарска општина Охрид 3.

Добивме информација дека на ова место во централното градско подрачје во Охрид се врши реконструкција и надградба на објект кој е под заштита на Заводот за заштита на споменици во Охрид. Дозвола за градба во тоа подрачје дава Министерството за транспорт и Врски. Би сакале да Ве прашаме:

1. Дали истиот е заштитен објект и дали треба да се испочитуваат посебни процедури за негова реконструкција и надградба?
2. Дали имате дадено дозвола за таквите активности?
3. Според нашите информации сопственикот има доградено на постоечкиот објект тераси и носачи за втор кат односно доградба, дали доколку има дозвола истата важи и за тие активности?
4. Кој треба да постапи доколку без ваша дозвола се изведуваат градежните активности?

Со почит,
Инфомакс.

Sent from Mail for Windows

Во акта - Арх. знак:
Рок на чување:
20 г. Потпис
АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# Re: Прашање, Инфомакс

From: Завод и Музеј - Охрид (zimohrid@yahoo.com)

To: infomax@infomax.mk

Date: Wednesday, July 26, 2023, 12:30 PM GMT+2

Почитувани,
Во прилог на овој маил Ви го доставуваме одговорот на Вашите прашања.
Со почит

On Wednesday, July 19, 2023, 04:46:12 PM GMT+2, iNFOMAX.mk <infomax@infomax.mk> wrote:

Почитувани,

Би сакале да добиеме информација за парцелата број 15336/1, број на имотен лист 66799 во општина Охрид, катастарска општина Охрид 3.

Добивме информација дека на ова место во централното градско подрачје во Охрид се врши реконструкција и надградба на објект кој е под заштита на Заводот за заштита на споменици во Охрид. Дозвола за градба во тоа подрачје дава Министерството за транспорт и Врски. Би сакале да Ве прашаме:

1. Дали истиот е заштитен објект и дали треба да се испочитуваат посебни процедури за негова реконструкција и надградба?
2. Дали имате дадено дозвола за таквите активности?
3. Според нашите информации сопственикот има доградено на постоечкиот објект тераси и носачи за втор кат односно доградба, дали доколку има дозвола истата важи и за тие активности?
4. Кој треба да постапи доколку без ваша дозвола се изведуваат градежните активности?

Со почит,

Инфомакс.

Sent from Mail for Windows

Одговор за Инфомакс.pdf
761.8kB

**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ-ОХРИД**

*НУ. Завод и Музеј - Охрид, ул. "Боро Шаин" бр. 10,П.Фах. 95, 6000 Охрид, Република Македонија,*
*тел. 046/262-498; 046/231-300; факс 046/231-302, е-маил: zimohrid@yahoo.com*
*жиро сметки: буџетска 180100907560319 и сопствена 18010090*

Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА
СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË
MONUMENTEVE TË KULTURËS ...
Бр./Nr. 03-882/2
26.07.2023
Охрид/Ohër

**До**

**INFOMAX.mk (infomax@infomax.mk)**

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на информација

**ВРСКА:** Прашање бр. 03-882/1 од 20.07.2023 година

До НУ Завод и Музеј – Охрид преку електронски пат поставивте прашање (наш бр. 03-882/1 од 20.07.2023 година) со кое барате информација за парцелата број 15336/1, број на имотен лист 66799 во општина Охрид, катастарска општина Охрид 3. Понатаму наведувате дека на ова место во централното градско подрачје во Охрид се врши реконструкција и надградба на објект кој е под заштита на Заводот за заштита на споменици во Охрид и дека за тоа подрачје Дозвола за градба дава Министерството за транспорт и врски.

НУ Завод и Музеј – Охрид го разгледа прашањето, изврши увид на лице место на објектот, а исто така изврши увид и во документацијата која ја поседува во врска со предметниот објект и Ви ја доставува следната информација:

1. Предметниот објект не е поединечно заштитен и не претставува поединечно заштитено споменичко добро. Истиот не припаѓа во границите на *Заштитената споменичка целина прогласена за културно наследство од особено значење („Сл. весник на РМ“ бр. 47/11 и 154/15)* тука припаѓа во границите на нејзината контактна зона. Согласно *Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на РМ“ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16)*, за објектите кои се наоѓаат во контактната зона од Заштитената споменичка целина се издава Конзерваторско мислење од страна на надлежната установа НУ Завод и Музеј – Охрид, а надлежност за издавање на Одобрение за градење има општина Охрид, а не Министерството за транспорт и врски – Скопје како што наведувате во прашањето. Министерството за транспорт и врски издава Одобрение за градење само за поединечно заштитени објекти како и за сите објекти кои се наоѓаат во границите на јадрото, а не и во неговата контактна зона.

2. До НУ Завод и Музеј – Охрид доставени се две барања и тоа:
   - Барање бр. 13-1566/1 од 14.12.2022 во кое се бара мислење за промена на столарија и препокривање на кров за предметниот објект со доставување на Идеен проект за истото. НУ Завод и Музеј – Охрид има

издадено позитивно Мислење бр. 03-1566/2 од 20.12.2023 година со кое се дозволува извршување на промена на кровниот покривач со отстранување на дотраените ќерамиди и летви со примена на современи слоеви за хидро и термо заштита и промена на надворешната столарија со нова. Дозволено е новопоставениот кровен покривач да биде од црвена ќерамида тип каналица (медитеран) на веќе постојната конструкција, а надворешната столарија да биде во кафеава боја со дрвен финиш по урнек на постојната.

- Барање бр.13-85/1 од 13.01.2023 година со кое се бара мислење за промена на надворешна и внатрешна столарија и санирање на фасада со доставување на Идеен проект. НУ Завод и Музеј – Охрид има издадено позитивно Мислење бр. 13-85/2 од 18.01.2023 година со кое се дозволува извршување на промена на надворешната и внатрешната столарија со нова столарија по урнек на постоечката во кафеава боја со дрвен финиш. Исто така се дозволува санација на фасадата со зашувување на истиот изглед и боја со примена на лепак, мрежа и абриб обоен во бела боја.

3. За доградените тераси од страна на НУ Завод и Музеј – Охрид нема дадено позитивно мислење.

4. Доколку без наша дозвола се изведуваат градежни активности конкретно за овој објект согласно фактот дека е лоциран во контактната зона од Заштитената споменичка целина треба да постапи градежната инспекција при општина Охрид.

Со почит,

Изработил.

Тања Паскали Бунташеска

диа конзерватор советник

Т. Бунташеска

в.д. Директор,

М-р Ирена Шајн